Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 109 став (4) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 15 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 јули 2021 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Зуљал Даљан од Ресен УП2 09-146/21 од 17 јуни 2021 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-301 од 7 мај 2021 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-301 од 7 мај 2021 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Зуљал Даљан од Ресен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-146/21 од 17 јуни 2021 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција).

Жалителот го оспорува Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-301 од 7 мај 2021 година издадено од КЕЦ Охрид, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување.

Според Електродистрибуција, подрачјето е надвор од урбанистички опфат и нема нисконапонска мрежа во близина.

На седницата од 24 јуни 2021 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-146/21 од 17 јуни 2021 година со прилог:

-Приговор<br>
-РОБСП 11-301 од 7 мај 2021 година<br>
-БСП-1 образец од 4 мај 2021 година<br>
-Имотен лист бр. 56 за КП бр. 6250/1, КО Ресен<br>
-Потврда за пријавени производни капацитети во Единствен регистар на земјоделски стопанства<br>
-GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во

случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–146/21**
**5 јули 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**